Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07.11.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5515 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ

## од контролниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, емитуван на 24 октомври 2014 година

***Предмет на надзорот:***

- **Член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (времетраењето на рекламирањето и на телешопинг спотовите во програмите на радиодифузерите, не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час).

*На 01.09.2014 година, за непочитување на член 100 став 1 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 15 август 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, емитуван на 24 октомври 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*07.11.2014 г.*